# Исплата за постарите Австралијци

Age Pension (Старосна пензија) обезбедува поддршка на приходот и пристап до низа разновидни попусти за постарите Австралијци. Тука спаѓа и Pensioner Concession Card (пензионерска картичка за попусти). Со оваа картичка добивате поевтина здравствена нега и пониски цени за некои стоки и услуги.

Има правила што треба да ги исполнувате за да може да добивате Age Pension.

## Правила поврзани со возраста

Ако вашиот датум на раѓање е пред 1 јули 1952 г., треба да бидете стари најмалку 65 години.

Од 1 јули 2017 г., возраста што мора да ја имате за да добивате Age Pension ќе се зголемува за по 6 месеци на секои 2 години до 1 јули 2023 г.

| **Ако вашиот датум на раѓање е:** | **Ќе бидете доволно стари на:** |
|---|---|
| од 1 јули 1952 г. до 31 декември 1953 г. | 65 години и 6 месеци |
| од 1 јануари 1954 г. до 30 јуни 1955 г. | 66 години |
| од 1 јули 1955 г. до 31 декември 1956 г. | 66 години и 6 месеци |
| од 1 јануари 1957 г. натаму | 67 години |

## Правила поврзани со жителството

За да ги исполнувате условите за добивање Age Pension мора да ги исполнувате правилата поврзани со жителството.

На денот кога ќе поднесете барање, мора да бидете:

- жител на Австралија, и
- во Австралија.

Жител на Австралија е лице кое што живее во Австралија и или е австралиски државјанин, или поседува виза за постојан престој, или пак заштитна виза од специјална категорија Special Category.

Исто така треба да сте биле жител на Австралија најмалку 10 години за да ги исполните условите за добивање Age Pension. Најмалку пет од тие години треба да сте имале непрекинато жителство.

## Што може да биде различно?

Можеби може да добиете Age Pension ако сте биле жител на Австралија помалку од 10 години. На пример, ако сте:

- бегалец или поранешен бегалец
- жена чиј партнер умрел додека обајцата сте биле жители на Австралија две години непосредно пред да поднесете барање за Age Pension
- лице што добива Widow Allowance, Widow B Pension или Partner Allowance кога ќе наврšите возраст за пензија.

Не мора да бидете жител на Австралија ниту да бидете физички во Австралија на денот кога го поднесувате барањето ако се префрлувате на Age Pension од некоја друга исплата за поддршка на приходите.

Ако не ги исполнувате правилата за жителство, ама сте живееле или работеле во земја што има склучено Спогодба за социјално осигурување со Австралија, таа спогодба може да ви помогне да поднесете барање.

## Како да поднесете барање за Age Pension

Барање за Age Pension може да поднесете на интернет преку вашата интернет-сметка во Centrelink.

Исто така може да  посетите и некој од центрите за услуги на клиентите. Ќе треба да пополните формулар за поднесување барање и формулар за пријавување на приходот и имотот, а може ќе треба да ни доставите и некои дополнителни формулари и други документи што ќе ги побараме од вас.

Освен ако ние веќе имаме доказ кој сте, ќе треба да дојдете во центарот за услуги на клиентите и да покажете документи од кои се гледа дека вие сте тоа лице за кое се претставувате.

## Ако веќе добивате исплата од Centrelink

Ќе ви пишеме 9 недели пред да наврšите возраст за старосна пензија и ќе ви кажеме што може да направите за да се префрлите на  Age Pension.

## Промени во вашите околности

Треба да знаеме за промените поради кои вашата исплата би можела да се намали. За секоја промена треба да нè известите во рок од 14 дена.

На пример, мора да ни кажете ако:

- се промени вашата адреса
- на вас и/или на вашиот партнер ви се зголеми приходот
- на вас и/или на вашиот партнер ви се зголеми вредноста на вашиот имот или ако настанат измени во вашите инвестиции
- почнете или престанете да живеете со вашиот партнер
- вашиот партнер умре
- заминете да живеете надвор од Австралија, или

- патувате во странство на одмор.

За вашите промени може да нѐ известите преку можноста за самопослужување што ви ја нудиме. Погрижете се вашите поединости на myGov да се ажурирани.

Ако не нѐ известите за овие промени, може да ви плаќаме премногу пари. Ако се случи тоа, веројатно ќе треба да ги вратите парите.

Ако намерно не нѐ известите за промените, може да ве обвиниме за измама.

## За повеќе информации

- појдете на **humanservices.gov.au/agepension** за повеќе информации на англиски јазик
- појдете на **humanservices.gov.au/yourlanguage** каде што може да прочитате, слушнете или погледнете видео-снимки со информации на вашиот јазик
- јавете се на **131 202** за да разговарате со нас на вашиот јазик во врска со исплатите и услугите од Centrelink
- јавете се во Translating and Interpreting Service (TIS National) на **131 450** за да разговарате со нас на вашиот јазик за исплатите и услугите од Medicare и Child Support
- посетете некој од центрите за услуги на клиентите.

Напомена: Телефонските повици од вашиот домашен телефон до броеви што почнуваат на ‘13’ од кое и да било место во Австралија се наплаќаат според однапред утврдена тарифа. Таа тарифа може да се разликува од тарифата за локален телефонски повик, а исто така може да биде различна од една до друга телефонска компанија. Повиците до броеви што почнуваат на ‘1800’ од вашиот домашен телефон се бесплатни. Повиците од јавни и мобилни телефони може да се временски мерени и да се наплаќаат по повисока тарифа.

## Оградување

Информациите содржани во овој печатен материјал се наменети да бидат само водич за исплатите и услугите. Ваша обврска е да одлучите дали сакате да побарате некоја исплата и да поднесете барање на основа на вашите лични околности.

Australian Government
Department of Human Services

ENGLISH

# Payment for older Australians

Age Pension provides income support and access to a range of concessions for older Australians. This includes a Pensioner Concession Card. This card gives you cheaper health care and lowers the cost of some goods and services.

There are rules you need to meet to be able to get Age Pension.

## Age rules

If your birthdate is before 1 July 1952, you need to be at least 65 years old.

From 1 July 2017 the age you must be to get Age Pension will go up by 6 months every 2 years, until 1 July 2023.

| **If your birthdate is:** | **you'll be old enough at:** |
|---|---|
| 1 July 1952 to 31 December 1953 | 65 years and 6 months |
| 1 January 1954 to 30 June 1955 | 66 years |
| 1 July 1955 to 31 December 1956 | 66 years and 6 months |
| From 1 January 1957 | 67 years |

## Residence rules

To be eligible for Age Pension you must meet residence rules.

On the day you claim, you must be:

- an Australian resident, and
- in Australia.

An Australian resident is a person who is living in Australia and is either an Australian citizen or the holder of a permanent visa or protected Special Category visa.

You also need to have been an Australian resident for at least 10 years to qualify for Age Pension. For at least five of these years, there must be no break in your residence.

## What may be different?

You may be able to get Age Pension if you have been an Australian resident for less than 10 years. For example, if you are:

- a refugee or former refugee
- a woman whose partner died while you were both Australian residents and you have been an Australian resident for two years immediately before claiming Age Pension

- getting Widow Allowance, Widow B Pension or Partner Allowance when you reach age pension age.

You don’t need to be an Australian resident or in Australia on the day you claim if you are transferring to Age Pension from another income support payment.

If you don’t meet the residence rules but you’ve lived or worked in a country that has a social security agreement with Australia, the agreement may help you to claim.

## Claiming Age Pension

You can claim Age Pension online through your Centrelink online account.

You can also visit a service centre. You will need to complete a claim form and an income and assets form and may need to give us some extra forms any other documents we’ve asked for.

Unless we already have proof of who you are, you will need to visit a service centre and show your identity documents.

## If you already get a Centrelink payment

We’ll write to you 9 weeks before you reach age pension age and tell you what you can do to transfer to Age Pension.

## Changes in your circumstances

We need to know about changes that could reduce your payment. You need to tell us within 14 days about any changes.

For example, you must tell us if:

- your address changes
- you and/or your partner increase your income
- you and/or your partner increase the value of your assets or your investments change
- you start or stop living with your partner
- your partner dies
- you go to live outside Australia, or
- you travel overseas for a holiday.

You can tell us your changes through our self service options. Make sure your details are up to date on myGov.

If you don’t tell us about these changes, we may pay you too much. If this happens you’ll probably have to pay the money back.

If you deliberately don’t tell us about changes, we could charge you with fraud.

# For more information

- go to **humanservices.gov.au/agepension** for more information in English
- go to **humanservices.gov.au/yourlanguage** where you can read, listen to or watch videos with information in your language
- call **131 202** to speak with us in your language about Centrelink payments and services
- call the Translating and Interpreting Service (TIS National) on **131 450** to speak with us in your language about Medicare and Child Support payments and services
- visit a service centre.

Note: calls from your home phone to ‘13’ numbers from anywhere in Australia are charged at a fixed rate. That rate may vary from the price of a local call and may also vary between telephone service providers. Calls to ‘1800’ numbers from your home phone are free. Calls from public and mobile phones may be timed and charged at a higher rate.

## Disclaimer

The information contained in this publication is intended only as a guide to payments and services. It’s your responsibility to decide if you wish to apply for a payment and to make an application with regard to your particular circumstances.